# ВЕЧЕРВА ПЕРФОРМАНСИ ОД СЛОВЕНИЈА, УНГАРИЈА И МАКЕДОНИЈА


Александар Станковски и перформансот „5 кг семки"


Публиката со задоволство грицкаше од перформансот на Станковски

Вечерва во Музејот на современата уметност во Скопје во рамките на меѓународниот ко-кураторски проект „Континентален појадок" - Memory W(HOLE) со почеток во 20 часот , еден по друг ќе бидат изведени перформансите „ Втор од лево" на Сања Нешковиќ Першин (Словенија) „Абортус" 2002" на Балинт Шомбати (Унгарија) и „Transversallah" 2006 на La Colonie Volvox (Македонија).

Публиката може да ги види и делата на 15 уметници од Шведска, Полска, Словачка, Унгарија, Молдова, Италија, Словенија, Хрватска СЦГ, Бугарија, Македонија и Турција на изложбата која во музејскиот простор ќе биде отворена до крајот на април.

Отворањето на проектот на 12 април кога беа изведени првите три предвидени перформанси : „5 кг семки" на Александар Станковски, „Роден 1" на Борис Михаљ и „Преку стомакот до срцето" на Елзбиета Јаблонска, предизвика големо внимание кај публиката. Несекојдневното ликовно случување кое нуди пресек на актуелната сцена на дел од европските земји, започна од самиот влез, со моќно ефектно поставени авторски дела, кои понудија различни погледи на живеењето на заедничкиот континент, на трагањето по сопствениот идентитет.

Македонскиот ликовен уметник Александар Станковски во тутурутки направени од листови на хартија, на влезот од музејот, на посетителите бесплатно им делеше семки. Листовите од хартија ги содржеа европскиот устав, рамковниот договор но и авторскиот текст на Станковски со кој, тој бара да се укине општествениот договор, базиран на компромис , околу правата и слободите на граѓаните со закони и прописи, на територијата на МСУ и таа да се прогласи за храм на слободата(во когнитивен смисол) и да се премости било каква хиерархиска конструкција што подразбира собординација, авторитативност и репресија.


Борис Михаљ „Роден1"

Дел од перформансот беше и слободното грицкање и разгледување на изложбата и фрлање на лушпите на подот од музејот, што публиката со големо изненадување но и задоволство го прифати и уживаше што е дел од едно несекојдневно визуелно дело.

(К.Б.)